АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-21/4
04.01. 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 9 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21, 227/22 и 284/23) Комисијата на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на 04.01.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

I. Се констатира престанок на мандатот на директорката на Агенцијата за пошти Билјана Аврамоска - Ѓореска.

II. Мандатот на директорката од точка I. од оваа Одлука престанува заклучно со 15.01.2024 година, по кој датум на Билјана Аврамоска - Ѓореска ѝ се одобрува да работи во стручната служба на Агенцијата за пошти, согласно доставено Барање за засновање на работен однос во Стручната служба на Агенцијата за пошти бр. 03-282/1 од 29.12.2023 година до Комисијата на Агенцијата за пошти. Билјана Аврамоска – Ѓореска продолжува да работи во стручната служба на Агенцијата за пошти со статус на административен службеник, на работно место на кое ќе биде распоредена со Решение и ќе биде склучен нов договор за работа.

III. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 15.01.2024 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Директорката Билјана Аврамоска – Ѓореска е избрана со Одлука за избор на директор на Агенцијата за пошти бр. 02-25/5 од 11.01.2019 година донесена од страна на Комисијата на Агенцијата за пошти, со мандат од пет години, кој истекува заклучно со 15.01.2019 година.

Согласно член 19 став 4 од Законот за поштенските услуги директор на Агенцијата за пошти се избира со мандат од пет години, со можност за уште еден последователен мандат. Согласно член 19 од Статутот на Агенцијата за пошти, со лицето на кое му е завршен мандатот директор на

Агенцијата и е завршена постапката за именување на нов директор, ќе се склучи договор за вработување за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка според актот за систематизација на Агенцијата.

Заради сето напред наведено, Комисијата на Агенцијата за пошти го констатира престанокот на мандатот на директорката Билјана Аврамоска - Ѓореска и донесе Одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-21/4
04.01.2024 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија,
Борче Груевски, претседател